

Slow Food®
Macedonia

ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОНГРЕС НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

www.slowfood.mk



Издание: **02**
Датум: **23.03 2018 година**

Фото кредит © Different photography / Slow Food Macedonia

ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОНГРЕС НА СЛОУ ФУД МАКЕДОНИЈА

ВОВЕД

Правилникот е одобрен од Националниот совет на мрежата на Слоу Фуд Македонија на ден 10.03 2018 година,а ревидиран на 23.03 2018 година
Со овој правилник за уредува времето и местото на одржување на првиот основачки конгрес на Националната организација „Слоу Фуд Македонија“. Истиот ги регулира подготвителните активности за конгресот, одржување на собрание на конвивиумите и другите субјекти на Слоу Фуд, изборот на делегати, набљудувачи и членови на органите на конгресот, донесувањето на Стратешкиот план 2018-2020 година, Статутот на националната организација и изборот на Национален одбор на Слоу Фуд Македонија.

ПРАВИЛНИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОНГРЕС

Член. 1
Свикување на Националниот конгрес

Свикувањето на Националниот конгрес е со следните цели:
1.Националниот конгрес на Слоу Фуд Македонија се свикува за ден **14.04 2018 година**, во Скопје, на иницијатива на Националниот совет, кој го сочинуваат лидерите на Слоу Фуд конвивиумите во Македонија и координаторот на Слоу Фуд Млади Македонија (СФММ).
[Локацијата и агендата ќе бидат дополнително утврдени, одобрени и доставени до сите учесници.]
2.Националниот конгрес се одржува врз основа на досегашните иницијативи од страна на иницијативниот одбор, конвивиум лидерите, плановите за развој на мрежата, поддршката на Слоу Фуд Интернационал, со приложени предлози до Националниот совет, за четиригодишен мандат 2018-2022 година на Националниот одбор, со политички и програмски насоки, изготвени врз основа на документот на Стратешкиот план 2018-2020 година, под-

готвен од страна на мрежата за време на подготовителниот период, исто и врз основа на предлогот на Националниот совет со овој правилник.
3.Да се донесе Стратешки план 2018-2020 на мрежата Слоу Фуд Македонија
4.Да се донесе Статут и воспоставување на Националната организација Слоу Фуд Македонија
5.Да се избере Национален одбор, како највисок управен орган на Слоу Фуд Македонија, со приложени предлози до Националниот совет.

Член. 2
Состав на Националниот конгрес

1. Националниот конгрес се состои од делегати:
   - се избираат на собранијата на конвивиумите и СФММ, од редот на членовите на Слоу Фуд во конвивиумот, според нивниот статут и нивниот број произлегува од бројноста на членството на конвивиумите, со што се запазува нивната репрезентативност во конгресот;
   - се делегираат и претставници од Тера Мадре мрежата (президиуми, готвачи и експерти, по еден член од секоја група)
   - делгатите непосредно учествуваат во донесувањето на документите како Стратешкиот план и Статутот на „Слоу Фуд Македонија“ и изборот на Националниот одбор
   - формулата за распоред на делегатски места ја утврдува Националниот совет во Правилникот за конгрес;
   - листите на делегати се доставуваат до Националниот совет кој идентификува и верификува нивните мандати
   - сите делегати мора да бидат членови на Слоу Фуд и да ја имаат регулирано членарината, пред одржување на собранието на конвивиумот.
2. Работата на конгресот ја надгледуваат набљудувачи, членови на Слоу Фуд, делегирани од конвивиумите на ист начин како и делегатите
   - набљудувачите ја надгледуваат работата на конгресот, со што се осигурува јавноста и отчетноста во членството, но не учествуваат во гласањето
   - Националниот совет ќе ги идентификува листите на набљудувачи на Националниот конгрес
   - сите набљудувачи мора да бидат членови на Слоу Фуд и да ја имаат регулирано членарината.
3. Националниот совет изготвува и листа на гости на конгресот и ги испраќа поканите за Националниот конгрес.
   - гостите го следат конгресот и може да имаат поздравен говор пред делегатите
   - гостите немаат право на глас
4. Правила за распределба на делегати и набљудувачи по локални организации:

<u>Општи принципи:</u>
   - вкупен број на делегати 50-60 во конгресот,
   - борјот на набљудувачи е 50% од бројот на делегати, што би значело 25-30 набљудувачи
   - основа за калкулирање е максимален број на членови на Слоу Фуд во конвивиумите во последните 5 години (од формирањето на националната мрежа)
   - избор на претставници на Тера Мадре мрежата, претставувана преку Президиумите, експертите и Алијансата на готвачи

<u>Формулата за распределба на делегати:</u>
   - Конвивиуми: на секој 5 члена во конвивиум = 1 делегат
   - СФММ: на секои 5 активисти = 1 делегат
   - Президиуми: од секој претставник = 1 делегат
   - Експерти, претставник = 1 делегат
   - Алијанса на готвачи, претставник = 1 делегат

Според пропишаните критериуми, конкретна распределбата на делегати и набљудувачи:

Ред.бр	локална организација / заедница	членови	делегати	набљудувачи
	Слоу Фуд Битола	48	10	5
	Слоу Фуд Водно	63	13	6
	Слоу Фуд Скопје	14	3	2
	Слоу Фуд Осогово	13	3	2
	Слоу Фуд Дојран	10	2	1
	Слоу Фуд Валандово	6	1	1
	Слоу Фуд Росалес Богданци	19	4	2
	Слоу Фуд Тера Гевгелија	20	4	2
	Слоу Фуд Тиквеш	29	6	3
	Слоу Фуд Млади Македонија	15	3	2
	Президиум слатко од диви смокви	/	1	/
	Президиум Маврово-Река	/	1	/
	Президиум Буково	/	1	/
	Президиум Макби	/	1	/
	Президиум Станушина	/	1	/
	Президиум Домашна коза	/	1	/
	Експерти	/	1	/
	Алијанса на готвачи	/	1	/
	ВКУПНО	**237**	**57**	**26**

Член. 3
Органи на конгресот

Апликациите за членови на органите на конгресот се испраќаат до Националниот совет, најдоцна 10 дена пред конгресот, од редот на делегатите:

Претседателство на конгресот

1.Претседателството го сочинуваат вкупно 5 члена, од кои:

- еден се назначува како Претседател на претседателството
- еден како заменик претседател на претседателството
- записничар
- двајца членови (кои се и заверувачи на записникот)

2.Претседателството има за задача да го води и да обезбеди непречен напредок во работата на конгресот, според однапред утврденото сценарио од страна на Националниот совет

3.Преседавачот на конгресот го става на гласање и изборот на Претседателство на конгресот на Националниот конгрес, предложен од Националниот совет, кој понатаму го превзема претседавањето со истиот.

Изборна комисија

1.Комисијата ја сочинуваат 3 члена (претседател и двајца члена)

2.Изборната комисија се избира на конгресот од предложените кандидати од конвивиумите од предложените делегати,

3.Комисијата избира претседател, кој ќе поднесе извештај до Конгресот за својата работа.

4. Изборната комисија ќе ги предложи на Националниот конгрес кандидатските листи за состав на Националниот одбор

5.Претседавачот ја става на гласање и избор Изборната комисија на Националниот конгрес, предложена од Националниот совет.
6.Изборната комисија, во извршувањето на својата работа и одлуки, се води по принцип на најширокиот консензус.

Комисија за верификација и следење на текот на конгресот

1.Комисијата за верификација и следење на текот на конгресот се состои од 3 члена
2.Комисијата избира претседател, кој ќе поднесе извештај до Конгресот за верификацијата на мандатите на делегатите, бројот на присутни делегати и исполнувањето на услови за одржување на конгресот.
3.Преседавачот ја става на гласање Комисијата за верификација и следење на текот на конгресот на Националниот конгрес, предложена од Националниот совет.
4.Комисијата, во извршувањето на својата работа и одлуки, се води по принцип на најширок консензус.

Член. 4

Поднесување на листи за делегати, набљудувачи и членови на органите на конгресот

1.Поднесувањето на предложените листи со делегати и набљудувачи се врши до Националниот совет, најкасно 10 дена пред одржување на конгресот.
2.Поднесувањето на номинираните членови на органите на конгресот се врши до Националниот совет, најкасно 10 дена пред одржување на конгресот.

Член. 5

Поднесување на апликации за составот на Националниот одбор.

1.Пријавите со предлог листите за составот на Националниот одбор мора да бидат поднесени во писмена форма до Националниот совет, со прилог од личните биографии за работата во Слоу Фуд за секој од предложените членови, во рок од 24 часа до денот пред отворањето на конгресот;
2.Номинациите за составот на Националниот одбор мора да бидат поднесени преку листа со 4 кандидати, земајќи го во предвид репрезентативниот статус на конвивиумите и делегатите на Конгресот;
3.Истотака Слоу Фуд Интернационал доставува листа со името на членот во Националниот одбор.
4.Критериуми за член на Националниот одбор на националната организација, од редот на мрежата на Слоу Фуд во Македонија:

- Најмалку 5 години активно членство во Слоу Фуд и искуство во активист;
- Професионална поврзаност со Слоу Фуд, придонес во реализација на активностите и проектите во Македонија и на меѓународно ниво во изминатиот период и придонес во развојот на организацијата(лична Слоу Фуд биографија)
- Соработка со Слоу Фуд на меѓународно ниво и со национални и локални организации на Слоу Фуд од други земји;
- Искуства во меѓународна соработка со други организации и институции;
- Искуство во менаџирање на невладини организации;
- Искуство во застапување и лобирање, прибирање на форндови со пишување на проектни апликации и договарање на донации од донатори.

Член. 6

Управување со апликации

1. Сите листи со делегати, набљудувачи и листи за Национален одбор треба да имаат регулирано членство во Слоу Фуд, што ќе се утврди од страна на Националниот совет
2.Националниот совет ги предава листите на Преседавачот на конгресот и Изборната комисија на конгресот, пред самиот почеток на конгресот.

Член. 7
Агенда на Националниот конгрес

1. Работата на конгресот е поделен на два дела: свечен и работен дел

- Свечен дел:
  - Отворање на конгресот
  - поздравни обраќања на гостите,
  - извештај за досега направеното
  - усвојување на дневен ред на конгресот
  - избор на телата на конгресот
- Работен дел:
  - Дискусија и усвојување на стратешки план на Слоу Фуд Македонија 2018-2020
  - Дискусија и усвојување на конгресниот документ „Нашата храна, наша иднина“
  - Дискусија и усвојување на предлог-Статутот на „Слоу Фуд Македонија“
  - Избор на Национален одбор
  - Обраќање на член од новоизбраниот Национален одбор до учесниците на конгресот

2. Гласовите се пребројуваат од страна на претседателството на конгресот, за да се добие точната бројка на присутни делегати и број на гласови од присутните делегати.

Член. 8
Осигурување на текот на конгресот

1. Националниот совет ќе ги верификува листите со пријавени делгати и кандидатските листи за Националниот совет, обезбедувајќи еднакви можности помеѓу групите на кандидати.
2. Изборната комисија ќе има задача да обезбеди постапката за избор на Националниот одбор, да се спроведе на демократски начин и во сите моменти на дебатата да се обезбеди целосна еднаквост на правата, според овој Правилник.
3. Сите поплаки за регуларноста на конгресот треба да се упатуваат до Националниот совет.
4. Жалбите во врска со барањата за поништување на гласање и неправилности во текот на Конгресот или за поединечни одлуки што се донесени, мора да се поднесат во рок од два дена од денот на одржување на конгресот до Националниот совет.
5.Националниот совет за сите добиени жалби потребно е да донесе одлука со предлог решение во текот на наредните 7 дена од рокот за жалби.

Член. 9
Собрание на конвивиумите

1. Со цел успешно реализирање на Конгресот, конвивиумите потребно е да свикаат и одржат собрание од **10.03 - 04.04 2018 година**, со цел навремено да извршат избор на делегати и набљудувачи за националниот конгрес, да бидат предложени кандидати за органите на конгресот и да ги продискутираат сите точки кои ќе бидат на дневен ред и да се разгледаат документите кои треба да бидат донесени на Националниот конгрес.
2. Собранието на конвивиумот се одржува врз основа на одредбите од член.28 од Статутот на конвивиумот и член.5 од протоколот за конвивиум
3. Управниот одбор го свикува собранието на конвивиумот со дневен ред како што е предвидено во Статутот на конвиивумот. Состанокот се свикува во писмена или електронска форма. Заедно со поканата се испраќа и копија од писмото од Националниот совет со кое истовремено се свикуваат членовите на конвивиумот и предлог точките кои треба да се опфатат на Собранието:
   - Акт за основање на Национална организација,
   - Одлука за основање на Национална организација,
   - Избор на делегати и набљудувачи на конгресот,

- Предлози за членови на органите на конгресот
- Предлози за членови на Националниот одбор,

како и копии од предлог документите:

- Стратешки план 2018-2020,
- Предлог Статут на Слоу Фуд Македонија и
- конгресниот документ „Нашата храна, наша иднина“

4.Собранието на конвивиумот се одржува без оглед на бројот на членови т.е. се утврдува мнозинство (50%+1) од активните членови на денот на собранието и членовите на конвивиумот, кои го обновуваат членството, пред самото собрание. Одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните. Сите членови исто така имаат право да гласаат по принципот: еден член, еден глас. Гласањето може да биде јавно или тајно гласање по барање на мнозинство од присутните на состанокот.

5.На Собранието на конвивиумот, на предлог на лидерот на конвивиумот, се презентира и се става на гласање предлогот за пристапување кон основање на Националната организација „Слоу Фуд Македонија“ и се стави на гласање за одобрување

6.Собранието на конвиивумот ги избира дегатите и набљудувачите на конгресот, како претставници на конвивиумот, нивниот број е определен со овој правилник за содветниот конвивиум.

7.Документите за конгресот мора да обезбедат мнозинска поддршка од присутните членови на конвивиумот на Собранието.

8. Во текот на собранието, Управниот одбор може да го дополни дневниот ред со точки значајни за работата на конвивиумот, како разрешување и избор на Лидер на конвивиумот и членови на Управниот одбор, презентација на завршната сметка од изминатата година, презентација на програмата на конвивиумот

9.Копија од Записникот од собранието на конвивиумот, заедно со листите со делегати, набљудувачи и предлозиза членови на органите на конгресот се испраќа до Националниот совет

Член. 10
Должности на Националниот совет

1.Националниот совет го донесува Правилникот за одржување на конгресот

2.Националниот совет ги повикува конвивиумите и СФММ, да одржат собрание со точки во дневниот ред со кои би се подготвиле за Националниот конгрес

3. Националниот совет осигурува дека еден од неговите членови учествува во спроведувањето на секое собрание на конвивиумите, вообичаено лидерот на конвивиумот или гостин лидер од друг онвивиум

4.Националниот совет до собранијата на членови на конвивиумите и СФММ ги доставува предлог документите на Стратешкиот план 2018-2020, предлог Статутот на Слоу Фуд Македонија и конгресниот документ „Нашата храна, наша иднина“

5.До Националиот совет се доставуваат предложените листи на делегати и набљудувачи на конгресот

6.Националниот совет ги идентификува и верификува делегатите и набљудувачите кои ги претставуваат конвивиумите на Слоу Фуд.

7. До Националниот совет се доставуваат и предлозите за:

- Претседателството на конгресот кое потоа ќе бидат ставени на гласање во Националниот конгрес.
- Изборната комисија која потоа ќе бидат ставени на гласање во Националниот конгрес.
- Комисијата за верификација и следење на тект на конгресот која потоа ќе бидат ставени на гласање во Националниот конгрес.

8.До Националниот совет се поднесуваат кандидатските листи за Націоналниот одбор, кој потоа ги предава на Изборната комисија;

9.Националниот совет ја доставува агендата и материјалите за работа на делегатите и набљудувачите во Националниот конгрес, најдоцна 7 дена пред одржувањето на конгресот

10.Националниот совет го подготвува моделот на Записникот од конгресот и извештаите во кои се евидентираат резултатите од гласањето.
11.Националниот совет го одобрува подготвениот и потпишан записник од конгресот

Член. 11
Општи правила

Овој правилник е подготвен, доставен и одобрен од страна на сите лидери, членови на Националниот совет.

